Врз основа на член 9 од Статутот на ООУ ,,Браќа Рамиз- Хамид,, Училишниот одбор на седницата на донесува

# ДЕЛОВНИК
# ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА
# ООУ ,, БРАЌА РАМИЗ-ХАМИД,,

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој деловник се утврдува работата на Училишниот одбор (во натамошниот текст УО) на ООУ ,,Браќа Рамиз- Хамид,, од Скопје (во натамошниот текст училиштето)

**Член 2**

Своите надлежности УО ги црпи од Законот за основно образование (ЗОО), Закон за работни односи (ЗРО), Колективниот договор и општите акти на училиштето.

**Член 3**

Одредбите на овој Деловник во делот на одржување на редот на седниците, се применуваат и на сите лица што присуствуваат на седниците на УО.

**Член 4**

Седниците на УО се одржуваат по потреба.
Седниците ги свикува претседателот односно заменикот по своја иницијатива, по барање на директорот, на 1/3 од членовите на УО, на барање на основачот, на барање на најмалку 10 вработени или на барање на најмалку на 10 родители.

**Член 5**

Седниците на УО се одржуваат вон работното време, а одлука за терминот донесува претседателот на УО или неговиот заменик.

**Член 6**

Седниците на УО по правило се отворени. На седниците на УО покрај членовите можат да присуствуваат:
- директорот на училиштето по покана за што одлучува УО;
- секретарот на училиштето;
- овластен претставник од основачот;
- лица кои според законот се должни да присуствуваат по службена должност,

- вработени од училиштето според свој интерес, а кои го пријавиле своето присуство кај претседателот или кај неговиот заменик;
- странка во постапка кој доставила приговор до УО за која тој е надлежен да расправа.

**Член 7**

Секое лице кое присуствува на седницата на УО, а не е член на УО, има право на дискусија, но без право да одлучува.

**Член 8**

Одборот го претставува претседателот или неговиот заменик. Претседателот односно заменикот ја организира и свикува седницата, претседава со седницата и се грижи за правилна примена на Деловникот за работа на Училишниот одбор. Потпишува записник, одлуки и други акти донесени на седница на Училишен одбор.

## ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА УО

- **ПРАВА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ**

**Член 9**

Членот на УО има право да предложи одржување на седницата на одборот и право да предлага дневен ред на седницата или дел од дневниот ред.
Членот на УО има право на седницата да зборува за прашањата што се на дневен ред, да учествува во претресувањето на предло-одлуките како и право да предлага олуки и мерки од надлежност на УО.
Членовите на одборот имаат права да бидат информирани за ставовите и мислењата од заеднички интереси на Училиштето од страна на Директорот или од друго овластено лице.

**Член 10**

Членот на УО има право да поставува прашања во врска со работата со оделни служби и овластени поединци и да бара д му биде одговорено усно или писмено. Членот на УО има право на седницата да поставува прашања на директорот на училиштето во врска со неговта работа. Директорот на училиштето должен е да одговори на поставените прашања, усно на седницата или во писмена форма во определен рок.

**Член 11**

Членот на УО има право да гласа за предлог - одлуката или да се воздржи од гласање.

**Член 12**

Членот на УО нема право да гласа за предлог – олуката ако се одлучува за неговите права и должности.

- **ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА УО**

**Член 13**

Членот на одборот е должен да присуствува на секоја седница на УО.
Членот на УО може да отсуствува од седницата само од оправдани причини.
За спреченоста за присуство на седницата на УО, членот на УО е должен благовремено да го извести претседателот на УО или неговиот заменик.
За оправданоста на изостанувањето на членот на УО одлучува УО на наредната седница.

**Член 14**

Членот на УО е должен активно да ја врши својата функција.
Членот на УО е должен особено:

- Да се подготвува за седницата на УО
- На седницата, за прашања кои се на дневен ред да настапува согласно со убедувања и совест, согласно со Законот и во рамнките на надлежностите на УО.

**Член 15**

Членот на УО е должен да се придружува кон пропишаниот ред на седницата. За повреда на пропишаниот ред на седницата спрема членот на УО можат да му бидат изречени мерки утврдени со овој Деловник.

**ПОДГОТВУВАЊЕ НА СЕДНИЦА НА УО**

**Член 16**

Седницата на УО ја свикува претседателот со покана.

**Член 17**

Поканат содржи: место и време на одржување на седницата, предлог на дневниот ред, како и лица кои се повикуваат на седницата, а не се членови на УО.

**Член 18**

Предлог-дневниот ред на седницата на УО го предлага Претседателот на УО или неговиот заменик, согласно барањата упатени до УО, а за кои УО е надлежен да расправа и да одлучува.
При сочинување на предлог –дневниот ред на седницата на УО ќе се почитува принципот на приоритет на барањата доставени до УО, како и правовременото расправање и одлучување.

**Член 19**

Заедно со актот за свикување на седницата на УО (покана), на членовите на УО им се доставуваат сите неопходни материјали по кои УО ќе расправа, особено предлог на одлуките чие донесување се предлага заедно со образложението за донесување на тие одлуки, како и записникот од претходната седница на УО.

**Член 20**

Свикувањето на седницата на УО навреме се огласува на огласна табла, но не пократко од три дена.

## СЕДНИЦА НА УЧИЛШНИОТ ОДБОР

- **ПОЧЕТОК НА СЕДНИЦАТА**

**Член 21**

Со седницата на УО претседава Претседателот на УО. Во случај на спреченост на Претседателот, со седницата претседава неговиот заменик.
На конститутивната седница на УО со седницата раководи најстариот член на УО.

**Член 22**

Претседателот ја отвара седницата на УО и утврдува дали на седницата присуствуват доволен број членови на УО за полноважно одлучување. Потоа претседавачот го соопштува предлог- дневниот ред.

**Член 23**

На предлогот на претседавачот УО го утврдува дневниот ред на седницата.

На седницата претседавачот или членовите на УО  можат да предложат измени или дополнување на точка на дневниот ред или да предложат нова, но предлагачот должен е да ја образложи потребата од таква измена, како и да го образложи самиот предлог.

**Член 24**

Пред преминување на дневниот ред на седницата УО одлучува за оправданоста на изостанувањето на член на УО од претходната седница.
Пред преминување на дневниот ред на седницата УО го разгледува извештајот на директорот на училиштето за извршување на одлуките на УО од минатата седница ако истиот е доставен во писмена форма или усно.

**Член 25**

По правило како прва точка на дневниот ред на седницата на УО секогаш е усвојување на записникот од претходнта седница на УО. Записникот на кој не се ставени забелешки, односно записникот во кој согласно усвоените забелешки се извршени измени, се смета за усвоен по потпишувањето од страна на членовите присутни на седницата на УО.

## • РЕДОВНА ПОСТАПКА

**Член 26**

Училишниот одбор во редовна постапка одлучува за следните предлози:

- Предлог одлуки;
- Предлог на општите акти и предлог на нивните измени и дополнувања;
- Периодични сметки и завршни сметки;
- Предлог за статусните промени за училиштето;
- За деловна соработка и здружување;
- Утврдување повреда на работните обврски и материјална одговорност на работниците;
- Приговори на родителите и учениците;
- Именување и разрешување на директорот;
- Извештајот за реализацијата на годишната програма за работата во училиштето;
- Финансиски план и финансиско- материјалното работење на училиштето

- Други прашања согласно со законот и статутот на училиштето.

Редовната постапка за одлучување се состои од претресување на предлогот и донесување на одлуката.

**Член 27**

Претресот по предлогот на одлуката опфаќа општ претрес на предлогот и претрес на текстот на одлуката. Во текот на општиот претрес по предлогот на одлуката се расправа за одлуката по начело. Во текот на претресот на текстот на предлог-одлуката се расправа за одделни одредби содржани во текстот на одлуката. Во текот на овој претрес се одлучува и за предлозите за изменување или дополнување на предлогот на одлуката која се претресува.

- **СКРАТЕНА ПОСТАПКА**

**Член 28**

Училишниот одбор може да одлучува по скратена постапка за предлозите по сите одлуки од својата надлежност ако во благовремениот предаден материјал на членовите на УО е содржан полниот текст на предлогот на одлуката и е дадено образложение на предлогот.
Скратената постапка значи дека за предлогот на одлуката на УО одлучува без претходно претресување.

**Член 29**

За одлучување по скратена постапка се одлучува поединечни по утврдување на дневниот ред на седницата на УО. Ако при одлучувањето по скратена постапка се укаже потреба за претрес, предлогот на одлуката се издвојува и за него ќе се одлучува по редовна постапка.

- **ОДЛУЧУВАЊЕ**

**Член 30**

За предлогот на одлуката се одлучува со гласање. При одлучувањето прво се гласа за предлозите дадени во материјалите за седницата, а потоа за предлозите дадени на самата седница, според редоследот по кој се дадени предлозите.

**Член 31**

Гласањето по правило е јавно. УО може да одлучи гласањето по одредени предлог-одлуки да биде и тајно.

**Член 32**

Јавното гласање се врши со дигање рака или со прозивка и поединечно изјаснување на членовите на УО.
Тајното гласање се врши по пат на гласаачки ливчиња.

**Член 33**

Предлогот на одлуката е прифатен и одлуката по предлогот е донесена ако за предлогот на одлуката се изјасни мнозинството од вкупниот број членови на УО.

По утврдувањето на гласањето претседавачот објавува на седницата каква одлука донел УО.

- **ОДЛАГАЊЕ, ПРЕКИНУВАЊЕ И ЗАКЛУЧУВАЊЕ НА СЕДНИЦАТА**

**Член 34**

Закажаната седница на УО се одлага кога ќе настанат причини кои оневозможуваат одржување на седницата во закажаниот ден. Седницата на УО се одлага и кога по отварањето на седницата ќе се утврди дека на седницата не се присутни доволен број членови на УО за полноважно одлучување. Седницата на УО ја одложува претседавачот на УО.

**Член 35**

Седницата на УО се прекинува:

- Заради одмор во текот на седницата;
- Кога во текот на седницата бројот на присутните членови на УО ќе опадне под пропишанот број за полноважно одлучување;
- Кога поради долго траење на седницата истата неможе да заврши истиот ден;
- Ако дојде до потешко нарушување на редот на седницата, а претседавачот не е во состојба со редовни мерки да го поврати редот на седницата. Седницата на УО ја прекинува претседавачот.

**Член 36**

Прекинатата седница на УО продолжува најдоцна во рок од три дена од денот на прекинатата седница. Продолжувањето на седницата која била прекината го закажува претседателот на УО или неговиот заменик.

Член 37

По завршениот претрес и одлучувањето по сите прашања кои се на дневен ред на седницата, претседавачот јавно утврдува дека седницата на УО е заклучена. Заклучената седница на УО неможе да продолжи.

## • ОДРЖУВАЊЕ НА РЕДОТ НА СЕДНИЦАТА

**Член 38**

За повреда на пропишаниот ред на седницата на УО, на членовите на УО и на присутните лица можат да им се изречат следниве мерки:

- Опомена;
- Одземање на зборот;
- Одалечување од седницата

Изречените мерки за повреда на редот на седницата на УО се внесува во записникот.

**Член 39**

Мерките од член 38 ќе му се изречат на лице присутно на седницата на УО кое со своето однесување и говор го нарушува редот на седницата или ако говори надвор од дневниот ред на седницата.

## • АКТИ НА УО

**Член 40**

Училишниот одбор ги донесува следниве акти:

- Општи акти како и нивните измени и дополнувања;
- Одлуки;
- Заклучоци;
- Мерки и препораки;

- **ЗАПИСНИК ОД СЕДНИЦАТА**

**Член 41**

За седницата на Училишниот одбор се води записник.
Записникот на седницата го води записничар, а во негово отсуство лице назначено од УО.

**Член 42**

Записникот од седницата на УО содржи особено:

- Означување на седницата;
- Време и место на одржување на седницата;
- Почеток на седницата;
- Наведување на присутните лица
- Податоци за усвојување на записникот од минатата седница;
- Дневен ред на седницата;
- Текот на разгледување на дневниот ред;
- Текот на одлучување и донесената одлука;
- Податоци за оправдување на изостанокот од претходната седница;
- За други битни настани на седницата;
- Време на заклучување на седницата;
- Потписи на записничарот и претседавачот;

**Член 43**

Записникот од седницата се составува најдоцна во рок од три дена од деннот на одржаната седница.

**Член 44**

Записникот од седницата на УО го заверува своерачно со потпис записничарот, претседавачот и еден член на УО.

- **ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР**

**Член 45**

Сите одлуки, акти, заклучоци и препораки на УО, се објавуваат на огласна табла на училиштето без одложување. Вработените во училиштето се известуваат преку огласна табла и за одржување на седниците со истакнување на предлог- дневен ред.

- **ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 46**

Деловникот за работа на УО го донесува УО на предлог на комисија од свој состав во соработка со секретарот на училиштето.
Измените и дополнувањата на Деловникот се вршат во постапка како и за негово донесување.
Деловникот за работа на деловникот стапува во сила на денот на неговото донесување.

Претседател на УО

**Фадиљ Џемаил**

Членови на училишен одбор

1. Виолета Митовска
2. Сејдо Јашаров
3. Дијана Стефановска Љубисављевиќ
4. Фата Османовска
5. Фахри Сали
6. Екрем Иљаз